Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на АД ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – СКОПЈЕ УП2 09-245/24 од 2 мај 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-82 од 1 февруари 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-82 од 1 февруари 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

АД ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – СКОПЈЕ до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-245/24 од 2 мај 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-82 од 1 февруари 2024 година на КЕЦ Тетово, конкретно против техничкото решение.

Жалителот потенцира дека со Решението за согласност за приклучок му е зададена обврска да монтира нова ГМРТ според технички стандарди, при што обврската не е спорна, но не се локацијата и начинот на кој треба да се постави истата, бидејќи ќе му нанесе дополнителни трошоци.

Електродистрибуција напомена дека предметниот објект има приклучок и новото броило треба да биде монтирано на истото место каде се наоѓаат и постоечките мерни места во објектот. Потребно е да се обезбеди место за новото мерно место во главна мерна разводна табла и реконструкција на истата не е обврска на ЕВН односно тоа е обврска на сопствениците на просторот во зградата. Оваа обврска на барателот е наведена во енергетската согласност за новиот приклучок врз основа на кое е вклучен договор и извршена е уплата согласно истиот.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 25 јуни 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-245/24 од 2 мај 2024 година со прилог:

-Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 13 мај 2024 со прилог:

-Слика од мерниот ормар

и на седницата се заклучи Приговорот да се разгледува на седница со физичко присуство на двете страни. На седница одржана на 2 јули 2024 година присутните ги изнесоа следните наводи:

-Жалителот потенцираше дека доколку се реализира техничкото решение предвидено со приговараното Решение, реализацијата би чинела околу 246000 денари, што е висока сума.

Претставниците од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје потенцираа дека согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија внатрешниот приклучок е сопственост на корисникот при што и трошоците за реализација и активности се на товар на корисникот.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, согласно член 47 став (1) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) внатрешен приклучок е дел од приклучокот кој опфаќа водови, опрема и уреди од завршетокот на надворешниот приклучок до објектот кој се приклучува согласно Член 41 од овие Мрежни правила.

Согласно член 48 ставови (1), (2) и (3):

(1)Внатрешниот приклучок на корисникот на дистрибутивната мрежа може да биде изведуван од лица ангажирани од страна на корисникот, кои поседуваат овластувања за изведување на работи од таков вид согласно закон и друг пропис или од страна на ОДС.

(2)Внатрешниот приклучок е во сопственост на корисникот на дистрибутивната мрежа.

(3)Корисникот е должен да го одржува внатрешниот приклучок, инсталациите од мерниот уред до сопствениот објект, на сопствен трошок.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–245/24**
**8 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**